***Горан Лефков*** е истражувачки новинар од 2009 година. Првата истражувачка сторија ја напиша за СКУП Македонија уште додека СКУП функционираше како проект на International Media Support. Уште од самото основање на организацијата работи како истражувачки новинар. Досега има објавено повеќе од 100 кратки документарни филмови за корупција и уште најмалку 200 истражувачки стории. Најпознати се: Сторијата за богатството на политичките партии, за патните трошоци на пратениците и уште многу други. Со неговите стории досега има заштедено над 1 милијарда евра пари на граѓаните на Северна Македонија.
Активен член на повеќе меѓународни организации за истражувачко новинарство, Член и основач на Балканската мрежа на научни новинари и уште многу други организации.

Член на Советот на Честа при ЗНМ од 2018 до 2022 година.

Во 2021 година доби пресуда на Германскиот уставен суд каде заедно со 6 други истражувачки новинари ја тужеа Германската Влада за закон за прислушкување од страна на тајната служба на Германија, БНД.